**СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ**

# ОДЛУКА

за распоредување на добивката за 2019 година
на Стопанска Банка АД Скопје

Скопје, Јуни 2020

Врз основа на член 26 од Статутот на Стопанска Банка АД – Скопје (А.Д.бр. 399/04.03.2020, пречистен текст), Собранието на акционери на Стопанска Банка АД – Скопје на седницата одржана на-------------- 06.2020 донесе

**ОДЛУКА**

за распоредување на добивката за 2019 година
на Стопанска Банка АД Скопје

1. Стопанска Банка АД – Скопје (СБ), во согласност со Одлуката за усвојување на годишната сметка и годишните финансиски извештаи на СБ за 2019, оствари нето добивка во износ од МКД 2,371,128,570.00.

2. Нето добивката од 2019 година утврдена со член 1 на оваа Одлука се распределува на следниот начин:

a) Задржана добивка за инвестиции, ограничена за распределба на акционерите во износ од МКД 788,336,310.00 и

б) Задржана добивка за инвестиции во износ од МКД 1,582,792,260.00.

3. Добивката која се распоредува во задржана добивка за инвестиции ќе се употреби за развојни цели и инвестиции во материјални и нематеријални средства за проширување на основната дејноста.

4. Оваа Одлука стапува на сила на денот на донесувањето.

А.Д. бр.----------
---------------2020

Скопје

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**

**Претседавач**

# П Р Е Д Л О Г

за утврдување на Предлог-Одлука за распоредување на добивката за 2019 на Стопанска банка АД - Скопје

Скопје, Мај 2020

Врз основа на член 40 од Статутот на Стопанска Банка АД – Скопје ( А.Д. бр. 399/04.03.2020, пречистен текст), Надзорниот Одбор на Стопанска банка АД – Скопје на седницата одржана на 28.05.2020 година донесе

**О Д Л У К А**

за утврдување на Предлог-Одлука за распоредување на добивката за 2019 на Стопанска банка АД - Скопје

1. Стопанска Банка АД – Скопје (СБ), во согласност со Одлуката за усвојување на годишната сметка и годишните финансиски извесштаи на СБ за 2019 година, оствари нето добивка во износ од МКД 2,371,128,570.00.

   Со оваа Предлог- Одлука се предлага распоредување на добивката на Стопанска Банка АД – Скопје за 2019 на следниот начин:

   - Задржана добивка за инвестиции, ограничена за распределба на акционерите во износ од МКД 788,336,310.00 и
   - Задржана добивка за инвестиции во износ од МКД 1,582,792,260.00

   Добивката која се распоредува во задржана добивка за инвестиции ќе се употреби за развојни цели и за инвестиции во материјални и нематеријални средства за проширување на основната дејност на Банката.

2. Предлогот од член 1 на оваа Предлог Одлука ќе биде доставен на усвојување од страна на Собранието на акционери на СБ.

3. Предлог- Одлука за распоредување на добивката за 2019 на Стопанска банка АД – Скопје е составен дел на оваа Одлука.

4. Оваа Одлука влегува на сила на денот на донесувањето.

С.Б.. No. ---------
---------------.2020
Скопје

**НАДЗОРЕН ОДБОР**

**Претседавач**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Стопанска банка АД – Скопје (СБ), согласно Билансот на Успех за 2019, кој е составен дел на Годишната сметка и годишните финансиски извештаи за 2019 година, оствари нето добивка во износ од МКД 2,371,128,570.00.

Во согласност со Законот за банки и Статутот на СБ, Собранието на акционери со Одлука ја распоредува нето добивка, врз основа на предлог на Надзорниот Одбор.

Согласно наведеното, се предлага нето добивката реализирана во 2019 година во согласност со одредбите на Членот 483 параграф 2, точка 5 од Законот за трговски друштва да се распореди за:

- Дел од добивката во износ од МКД 788,336,310.00 да се распореди за задржана добивка за инвестиции, во материјални и нематеријални средства за проширување на дејноста на Банката и истата ќе биде ограничена за распределба на акционерите во иднина и ќе го зголеми основниот капитал на Банката. Со издвојување на дел од добивката во задржана ограничена добивка, Банката има право за намалување на данокот на добивка во согласност со Законот за данок на добивка. Со тоа, Банката има право на намалување на даночната основа за искористениот износ за инвестирање и на тој начин има право на помал данок на добивката при изготвување на Даночните биланси за годината 2020.

Износот од МКД 788,336,310.00 нема да биде расположив за исплата на дивиденда на акционерите во иднина (ограничена за распределба на акционерите) и на тој начин во согласност со соодветната регулатива на Народна Банка на Република Северна Македонија има третман на основен капитал на Стопанска банка АД – Скопје.

- Останатиот дел од добивката во износ од МКД 1,582,792,260.00 ќе се распореди во задржана добивка за инвестиции за развојни цели и вложувања во материјални и нематеријални средства за проширување на дејноста на Банката. Со издвојување на овој дел од добивката во задржана добивка за инвестиции, Банката има право за намалување на данокот во согласност од Законот за данок на добивка. Со тоа, Банката има право на намалување на даночната основа за искористениот износ за инвестирање и на тој начин има право на помал данок на добивката при изготвување на Даночните биланси за годината 2020.

Овој износ на добивката нема да биде вклучен во регулаторниот капитал на Банката (во пресметката на сопствени средства) и не се вклучува во пресметка на адекватноста на капиталот. Во случај, Банката да не ги оствари планираните инвестиции, со нова одлука ќе направи прераспоредување на овој дел од добивката во добивка расположива за дивиденда во иднина.

Врз основа на горенаведеното, се предлага Собранието на акционери да ја донесе Одлуката како што е предложено.

Скопје, Мај 2020